

Упатство за е-плаќање на сметки и даноци на платформата за дигитализација на услугите во единиците на локалната самоуправа elsg.mk

1. До услугата за е-плаќање се пристапува преку главното мени или преку линкот е-плаќање:






2. После избор на линкот за е-плаќање добиваме две можности – „Најави се“ (ако веќе сме креирале кориснички профил) и „Регистрирај се“ за да креираме нов кориснички профил:






3. Регистрирањето се врши после клик на копчето Регистрирај се во маската за регистрација, при што треба да се неведат бараните податоците, како и резултатот на безбедносното прашање на сликата:




После внесот на податоците со избор на копчето Регистрирај се податоците се поднесуваат во системот и се испраќа емаил нотификација до пријавената маил адреса со линк за потврда на регистрацијата. После добивањето на маил пораката треба да се кликне линкот за верификација и успешно комплетирање на процесот на регистрација во системот на е-плаќање.


4. Откако корисникот ќе се регистрира, до системот за е-плаќање на сметки се пристапува преку менито Е-плаќање-Најави се, по што се појавува маската за најава со регистрираната емаил адреса и лозинка.



5. За да се добие листа на неплатени сметки потребно е прво да се изврши регистрација со корисничкиот број (шифра на комитент) од сметката која корисникот ја добива од јавното претпријатие/даночната служба на општината. Тоа се прави преку клик на линкот Корисничка сметка:



по што се добива преглед на сите јавни претпријатија/даночни служби регистрирани во системот на elsg.mk, распоредени по општини.




За потребните претпријатија треба да се внесе корисничкиот број (шифра на комитент) од сметката која корисникот ја добива од сооветното јавно претпријатие/општинска даночна по што се избира командата Сними. Доколку внесената шифра е валидна, при пристап до менито Неплатени сметки ќе се прикажат сите неплатени сметки за внесената шифра.

6. После внес на валиден корисничкиот број (шифра на комитент), во менито Неплатени сметки треба да се избере субјектот за кој се плаќат сметките и после изборот се прикажуваат сите неплатени сметки:



7. Сметките што корисникот сака да ги плати, се штиклираат во квадратите пред секоја сметка, а износот на сите штиклирани сметки се прикажува под сметките (Вкупно за плаќање):




8. После клик на копчето Плати со картичка се отвора прозор со платежниот процесор на банката на субјектот од кој се сметките кои се плаќат.



ХАЛКБАНК АД СКОПЈЕ

Се внесуваат бројот на картичка, рокот на важност на картичката и безбедносниот троцифрен број. Со клик на копчето Поднеси финансиската трансакција ќе се изврши, а сметките ќе се означат како платени и нема да се појавуваат во листата на неплатени сметки.

9. Извршените плаќања може да се видат во менито Преглед на транскакции, каде ќе бидат забележани сите уплати со податоци за датум, износ, претпријатие и платени сметки со трансакцијата:



ПРЕГЛЕД НА ТРАНСАКЦИИ

Број на плаќање	Трансакција ИД	Датум на трансакција	Општина	Субјект	Име	Шифри на комитент	Броеви на сметки	Дев.валута	Износ	Статус	Одобрена
EVDIVXPSB	EVDIVXPSB01282021190334	28.01.2021	Куманово	ЈП Водовод Куманово	mitko.janceski@enter.com.mk	[illegible]	1106-16470-4, 1108-16823-4, 1702-17718-4	807	262,00		☑

1 - 1 од 1 записи